Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**ПРИЛОГ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Закон за облигационите односи |
| Одговорно лице и контакт информации: | Радица Лазареска Геровска, Државен советник, маил: rlazareskagerovska@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај: | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒Друго Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Да<br>- Директивата 2011/7/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 февруари 2011 година за борба против задоцнето плаќање во трговските трансакции, во поглед на казнените камати,<br>-Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2011 година за правата на потрошувачите, во поглед на правата на патниците кај договорите за организирање патување.<br>- Директивата на Советот 86/653/ЕЕЗ од 18 декември 1986 година за усогласување на правата на државите-членки во поглед на самовработените трговски застапници,<br>-Директивата (ЕУ) 2015/2302 на Европскиот парламент и на Советот од 25 ноември 2015 година за пакет-аранжманите и поврзаните патнички аранжмани. |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Октомври 2019 година |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

| | |
|---|---|
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Октомври 2019 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Април 2020 година |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Владата на Република Македонија во ноември 2017 година ја усвои Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план. Во истата се предвиде донесување на нов Закон за облигационите односи како стратешка определба за усогласување на граѓанско правната област со европските стандарди и современите општествени текови.

Постојниот Закон за облигационите односи, беше донесен во 2001 година. Карактеристично за Законот за облигационите односи од 2001 година беше што со него, пред се се напуштија некои од дотогашните концепти и решенија кои беа анахрони на новиот систем на општествено, екомомско и политичко уредувањене на заемјата и се заменија со нови. Покрај тоа во законот се уредија и некои договори коишто до тогаш не беа уредени со него. За разлика од ова, поголеми измени и дополнувања на законот се направија во 2008 година, кои имаа, пред се, за цел усогласување со одредени делови од правото на Европската унија, соодветни за оваа материја како и законско уредување на изменетите концепти кај одговорноста за штета, на новиот концепт на каматата (договорна и казнена) како и (пре)уредување на прашањата на објективната одговорност за штета и одговорноста за нематеријална штета, со посебен акцент на одговорноста за повредата на личните права, и тоа како оние на физичките така и на правните лица.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Постојниот Закон за облигационите односи, како системски закон е донесен во 2001 година. Истиот до сега е менуван и дополнуван во неколку наврати од кои последен пат во 2009 година. Во меѓувреме од страна на Европската унија следуваше измени на нивното законодавство кое е тесно поврзано со материјата која ја опфаќа ова законско решение, поради што се јави се јави потребата од целосна ревизија на систематизирањето и регулирањето на облигационите односи, како заради усогласување со законодавството на Европската унија, така и заради приспособување на законодавството на новите модерни општествени текови. Во подготовката на ова законско решение во предвид беа земени и решенијата од најрелевантните закони/законици кои ја регулираат оваа област (францускиот, германскиот, италијанскиот, швајцарскиот, австрискиот, холандскиот, рускиот и др.).

Исто така, во текот на изминатите години со примената на постојното законско решение се јави голем проблем и во однос на решението за каматите кое е содржано во постојниот Закон за облигационите односи што влијаеше врз тоа во многу од случаите во должничко - доверителските односи, казнената камата неколкукратно да го надминува главниот долг, што создаваше ситуација на неможност на одредени категории физички и правни лица во својство на должници да го подмират долгуваниот однос, заради што истиот постојано растеше, особено во спорови чија исплата и подмирување се развлекува и по неколку години.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со предлог законското решение се врши усогласување со Директивата 2011/7/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 февруари 2011 година за борба против задоцнето плаќање во трговските трансакции, во поглед на казнените камати; Директивата 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на

Советот од 25 октомври 2011 година за правата на потрошувачите, во поглед на правата на патниците кај договорите за организирање патување; Директивата на Советот 86/653/ЕЕЗ од 18 декември 1986 година за усогласување на правата на државите-членки во поглед на самовработените трговски застапници и Директивата (ЕУ) 2015/2302 на Европскиот парламент и на Советот од 25 ноември 2015 година за пакет-аранжманите и поврзаните патнички аранжмани. Покрај наведеното се врши и дополнително усогласување со одредени одредби од Виенската конвенција, UNIDROIT и Ландо начелата.

Исто така се прават значителни измени и во однос на делот на казнената камата, особено преку воведување на општа одредба за течење на казнената камата при што се прецизира дека кога износот на втасаната, а неисплатена казнена камата ќе се изедначи со главниот долг таа престанува да тече. Промени се прават и во одредени поединечни видови на договори, заради допрецизирање и појаснување на одредени правила.

Се воведува нов член со кој се прецизираат видовите стапки на казнена камата, стапка на законска казнена камата и стапка на договорна казнена камата. Сегашниот член со кој се уредува прашањето на висината на стапката на казнената камата со соодветни измени заради усогласување со Директивата 2011/7/ЕУ за борба против задоцнето плаќање во трговски трансакции е поделен во два засебни члена, при што се уредува засебно законската казнена камата и засебно договорната казнена камата. За разлика од сегашното решение се предлага намалување на бројот на проценти поени за кои се зголемува референтната стапка се намалува за два ( од 10 на 8, односно до 8 на 6, согласно правилата поставени во Директивата). Понатаму се определуваат прецизни правила за определување на стапката на казнената камата кога паричната обврска е определена или изразена во странска валута, реферирајќи на стапките на ЕУРИБОР и ЛИБОР. Во поглед на договорната казнена камата исто така се прават интервенции во максималните висина на каматната стапката која што може да се определи со договор.

Исто така се воведува општа одредба за течење на казнената камата при што се прецизира дека кога износот на втасаната, а неисплатена казнена камата ќе се изедначи со главниот долг таа престанува да тече.

Промени се прават и во одредени поединечни видови на договори, заради допрецизирање и појаснување на одредени правила.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо“

Доколку не се донесе предложеното законско решение, потешкотиите кои се јавуваат во моментот во однос на примената на примената и нејаснотиите кои произлегуваат од постојниот Закон за облигационите односи со сите негови измени и дополнувања ќе продолжат и понатаму.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Регулаторна мерка: донесување на предложениот Закон за облигационите односи.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

### 4.1 Економски влијанија

Уредување на течењето на казнената камата при што се прецизира дека кога износот на втасаната, а неисплатена казнена камата ќе се изедначи со главниот долг таа престанува да тече.

### 4.2 Фискални влијанија

Нема.

### 4.3 Социјални влијанија

Нема.

### 4.4 Влијанија врз животната средина

Нема.

### 4.5 Административни влијанија и трошоци –

а) трошоци за спроведување

Нема.

б) трошоци за почитување на регулативата

Нема.

## 5. Консултации

### 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Основни судови, апелациони судови и Врховен суд, Стопанските комори во Република Северна Македонија, Народна банка на Република Северна Македонија, Нотарска комора, Комора на извршители, Агенција за супервизија на осигурувањето, ресорни министерства, правни факултети и професорска фела.

Начинот на вклучување на засегнатите страни ќе биде преку одржување на јавни расправи по апелациони подрачја каде ќе се презентира законското решение, како и преку Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија.

### 5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

/

### 5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

/

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

1.Решение „не прави ништо"

Позитивно влијание – нема

Негативно влијание - Решението „не прави ништо" го оневозможува постигањето на зацртаните цели на законот. Воедно, погоре наведените проблеми ќе останат и ќе претставуваат проблем и во иднина.

2.Решение -да се усвојат измени и дополнувања на законот

Негативни влијанија – нема.

Позитивни влијанија - Со измените и дополнувањата на законот се очекува постигање на зацртаните цели наведени и образложени погоре.

### 6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Нема.

### 6.3 Препорачано решение со образложение

Донесување на предлог Законот за облигационите односи.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### 7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Ова законско решение ќе има влијание и потреба од измена и дополнување на законските решенија кои ги регулираат областите на каматите, банкарските услуги, туристичките услуги, транспортните услуги, конкурентската област, осигурувањето, стечајот, обезбедувањето на побарувањата, договорниот залог и други.

### 7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Ова законско решение нема да предизвика потреба од носење или менување на одредени подзаконски акти кои се поврзани со ова законско решение.

### 7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за Спроведување

- Министерството за правда како орган надлежен за следење на имплементацијата на законот.

- Министерство за економија, Министерство за транспорт и врски, Министерството за финансии, Агенција за супервизија на осигурувањето, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Народна банка на Република Северна Македонија, судови, нотари, стечајни управители.

- Приватни субјекти (банки, туристички агенции и други).

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

Обуки за ефикасно спроведување на законското решение.

## 8. Следење и евалуација

### 8.1 Начин на следење на спроведувањето

Надзорот над примената на ова законско решение ќе се врши од страна на Министерството за правда.

### 8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Евалуација на ефектите од предлогот на законот ќе може да се види по една година по денот на започнувањето со примена на законското решение врз основа на следните критериуми:

- измена во соодветните законски решенија кои регулираат некои од горе наведените законски области;

- промена во однос на каматните политики во земјата.

## Изјава од министерот

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 10. 10. 2019

............................................
**потпис на министерот**